**20260480795**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за здруженија и фондации („Службен весник на Република Македонија“ бр.52/10, 135/11 и 55/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 239/22), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 март 2026 година, донесе

# ПРОГРАМА ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ПРОЕКТИ ОД ОБЛАСТА НА МЛАДИТЕ НА МЛАДИНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ, ОРГАНИЗАЦИИТЕ ЗА МЛАДИ И МЛАДИНСКИ ЧАДОР ОРГАНИЗАЦИИ ЗА 2026 ГОДИНА

1. Со оваа програма се утврдува намената на средствата обезбедени во Буџетот на Република Северна Македонија на Министерство за социјална политика, демографија и млади за 2026 година, Раздел 15001, Програма 11, ставка 463- трансфер до невладини организации, 463110 – трансфер до здруженија и фондации, наменети за финансиска поддршка на проекти од областа на младите на младинските организации, организациите за млади и младинските чадор организации, во вкупен износ од 2.626.000,00 денари.

2. Средствата од точка 1 од оваа програма, ќе се користат за финансиска поддршка на проекти од областа на младите, на младинските организации, организациите за млади и младинските чадор организации, грантови во износ не поголем од 300.000,00 денари, за проекти во следниве приоритетни цели:

- зајакнување на влијанието на младите во сите процеси на донесување одлуки на локално и национално ниво врз основа на соодветна правна рамка;
- препознавање на младинската работа како клучна алатка за помагање на позитивниот личен и социјален развој на младите;
- оспособување на младите со знаења и вештини за медиумска и дигитална писменост кои препознаваат дезинформации и ги артикулираат сопствените интереси и ставови како активни граѓани во општеството со развиена критичка свест;
- зголемување на свеста и имплементација на мерки за намалување на врсничко насилство, родово базирано насилство, сајбер безбедност и дигитална хигиена во рамките на образовните институции и
- креирање на иновативни решенија за намалување на невработеноста на младите и промоција на мерки за самовработување и претприемништво.

3. За реализација на оваа програма се грижи Министерството за социјална политика, демографија и млади – Сектор млади.

4. Младинските организации, организациите за млади и младинските чадор организации, на кои ќе им бидат доделени средства согласно оваа програма, по завршување на проектот ќе доставаат извештај за користење на средствата до Министерството за социјална политика, демографија и млади, најдоцна до 30 мај 2027 година.

5. Министерството за социјална политика, демографија и млади ќе достави извештај за реализација на оваа програма, до Владата на Република Северна Македонија, до 15 септември 2027 година.

6. Оваа програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 57-1150/9
3 март 2026 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.